КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
декември 2013 • бр. 35 • година 5



Registered
ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

НАЈУБАВОТО ОД КАРПОШ

Marry Christmas
&
Happy New Year

BELVEDERE
RESORT



www.belvedereresort.mk

станбен комплекс
ГРАНД ПРЕСТИЖ
локалитет алумина















ВНЕСЕТЕ ПРАЗНИЧНА МАГИЈА ВО ВАШИОТ НОВ ДОМ

www.grandprestige.com.mk

Тел. за продажба: + 389 75 60 55 77
Тел: +389 2 31 19 348

e-mail: info@grandprestige.com.mk
contact@grandprestige.com.mk

www.facebook.com/grandprestigeskopje

ВО ОВОЈ БРОЈ











ВЕСТИ

ЗЛАТНА ПЛАКЕТА „РАЗЛИЧНИ, А ЕДНАКВИ“ 11

ОДБЛИСКУ

КАРПОШАНКА СО ШАРМАНТНА СКРОМНОСТ 14

ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

ВОЛШЕБНИЧКА НА ЧЕТИРИ СТРУНИ 25

ИНТЕРВЈУ

ДА НЕ Ѝ ГО ВРТИМЕ ГРБОТ НА ИСТОРИЈАТА 26

СПОРТОРАМА

ХЕТ-ТРИК НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ОД „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“ 32



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Уредници
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
Игор Богоевски
marketing@karpos.gov.mk





ИНФОРМАТИЧКИ „ОСКАР“ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Во свечен амбиент во Стари Двор, во Собранието на Град Белград, во присуство на високи претставници на европски институции од Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина, Шпанија, Турција, Грција, Македонија, Белгија и домаќинот, Србија, вчера на Општина Карпош ѝ беше доделено извонредно високото признание „Grand prix ECDL“ за 2013 година. Наградата му е врачена на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, за успешна примена на најголемиот проект на ECDL за обука на вработени во јавната администрација во Македонија. Станува збор за награда во сферата на информатичката технологија, ECDL (Europian computer driving licence), Европска компјутерска возачка дозвола што претставува меѓународно признаен сертификат за информатичка писменост, кој гарантира дека сопственикот поседува знаење за работа со компјутер во согласност со стандардите за компјутерска писменост диктирани од Фондацијата ECDL. Со ова, како што изјави во оваа свечена пригода Ѓорѓе Дукиќ, претседател на ЈИСА (Јединствени информатички савез Србије) недвосмислено е потврден патот на прилагодување кон европските стандарди во нашиот регион.

Заблагодарувајќи се во свое име и во име на граѓаните на Карпош и на Република Македонија, градоначалникот Јакимовски рече дека Општина Карпош е една од водечките не само во Градот Скопје , туку и во цела Македонија.

- Ние, како локална власт, годишно одвојуваме од 80.000 до 100.000 евра за унапредување на информатичките технологии за да обезбедиме модернизација и што побрза услуга на граѓаните, чиј најблизок сервис сме токму ние – рече Јакимовски.

Ова високо признание на Општина Карпош, своевиден информатички „Оскар“, кое ѝ го додели Единствениот информатички сојуз на Србија – ЈИСА, (формиран во соработка со Советот на европските професионални информатички друштва -ЦЕПИС, Европската комора за економија, трговија и индустрија -ЕЕИГ, регионалните стопански комори и информатички асоцијации), по 19. пат се доделува во рамки на меѓународната церемонија за промоција на најуспешни решенија во областа на користењето на информатичките технологии - „Дискоболос“.

В.Ц.

ГОДИНА НА ПОБЕДИ, УСПЕСИ И НА ПРИЗНАНИЈА



Почитувани сограѓани,

Вообичаено е, на крајот од годината, да фрлиме поглед кон тоа што сме сработиле во изминатите 12 месеци. Годината што ја оставаме зад нас, ќе ја паметиме како извонредно турбулентна година, но и убава. Притоа, не мислам само на тоа што повторно ја добивме довербата од Вас, граѓаните, туку воопшто, затоа што имаме значајни постигнувања на многу полиња.

Севкупно, можеме да кажеме дека 2013 година ни беше повеќе ориентирана кон општествените дејности, кон грижа за социјално загрозените сограѓани, кон образованието, кон подобрување на неговиот квалитет и на едукативен и на просторен план.

Но, тоа не значи дека ги запоставивме работите во сферата на урбанизмот, инвестициите и инфраструктурата. Напротив, го држевме чекорот со времето и со Вашите граѓански потреби. Ова особено се однесува на урбанистички план. Иако, би рекле, бевме временски стеснети за некоја поголема инвестициска и урбанистичка градба, со изборите во кои, од јануари до април, со закон беа запрени сите нови инвестициски зафати, сепак успеавме да изградиме нешто. На урбанистички план бевме преокупирани со имплементација на е-дозвола, односно воведување на системот на работење со електронско издавање на дозволи, како и со прилагодување на деталните урбанистички планови кон ГУП, односно носење на т.н. градски четврти. По стапувањето во сила на електронското издавање дозволи од 1 јуни годинава, Општината, и покрај сите почетни проблеми со системот, успеа некаде во јули да ја издаде и првата е-дозвола за градба, а преку осовременетиот ИТ-пристап во работењето, секој од инвеститорите он-лајн може да има увид во тоа, во која фаза на изработка му е предметот од општинската администрација.

Ако 2012 ни остана во сеќавање по тоа што беа реконструирани основните училишта, годината што изминува ќе ја помниме по стартот на реконструкцијата на детските градинки. Ја реконстуиравме градинката „Пролет“ во Козле со помош на јапонски грант, каде беа заменети прозорците и покривот, а во клонот на истата градинка во Влае, со швајцарска помош, го сменивме покривот, санитарните јазли, прозорците. На жителите од улицата 1010 во Козле со сопствени средства им обновивме 250 метри водовод со зголемување на профилот на цевките од фи-40 на фи-80. Во меѓувреме, продолживме и со долгорочната стратегиска инвестиција, реконструкција на старите фасади, и тоа на улицата Никола Русински број 12 и на Партизанска број 56.

Сепак, она по што ќе ја запаметиме оваа година е тоа што Општина Карпош првпат организираше Недела на енергетска ефикасност, каде што ја собра севкупната македонска стручна јавност да продискутира и да ги определи енергетските перспективи не само на Општината, туку и на Македонија воопшто. На наше големо задоволство, Карпош ожнеа неколку врвни признанија, кои трајно ќе ја брендираат Општината како најевропска, најразвиена и најперспективна. Така, таа беше единствена институција во земјава што во јули ја доби наградата за филантропија, за напорите што ги прави во помагање на граѓаните кои се на социјалните маргини, на болните и на луѓето со посебни потреби. Добивме уште една вредна награда во сферата на информатичките технологии. Нашата општина, во Белград, ја доби Гранд при наградата на ECDL или Европска компјутерска возачка дозвола, што претставува меѓународно признаен сертификат за информатичка писменост во согласност со стандардите на Фондацијата ECDL. Тоа значи дека не само што го држиме чекорот со најновите технолошки трендови, туку одиме напред со усвојувањето на нови знаења, сè со цел, да им заштедиме време и пари на нашите сограѓани, чиј сервис сме токму ние.

Годинава ја проширивме и нашата меѓународна активност. Се збратимивме уште со две пријателски општини, Сремски Карловци и Врњачка Бања од Србија. Јас, пак, добив лична сатисфакција со тоа што ме прогласија за почесен граѓанин на пријателскиот Тиват, што, верувам, ќе придонесе за уште поголемо јакнење на соработката и меѓусебната почит меѓу нашите две збратимени општини.

Но, ние бевме одговорни и кон своите сограѓани. И покрај послабиот прилив на финансиски средства поради забавената инвестициска активност и некои придружни проблеми, успеавме до крајот на оваа година да ги исплатиме во целост средствата за лицата со посебни потреби во износ од 10.000 денари и социјалната помош, како и стипендиите за талентираните ученици и спортисти и отпремнините на сите пензионирани вработени од основните училишта, градинките и од Општината. Тука се и првенците на генерација и тренерите што ги водеа спортските клубови, како и судиите што беа ангажирани на натпреварите. Ова е уште еден доказ дека односот кон граѓаните ни е на прво место.

Во 2013 година бевме присутни на сите полиња: културата, образованието, спортот. Резултатите не изостаа, ние сме одговорна институција и сме сè повидливи на општествената сцена, не само во нашата земја туку и на меѓународен план. Во секој случај, зад нас оставаме година на победи, успеси и на признанија. Од сесрце Ви посакувам таква да биде и идната 2014 година, исполнета со здравје, љубов и со среќа за Вас, лично, и за вашите семејства.

Вашиот градоначалник
Стевчо Јакимовски


2013 НИЗ ФОТОГРАФИИ



Свечено откривање на споменикот на Питу


Грашо на Ем умеам, ем можам 2013


Секогаш покрај оние на кои сме им потребни


Кожул на Карпош опен 2013


И годинава трипати бевме хумани





Се збратимивме со Врњачка Бања и Сремски Карловци



Влајко куп 2013



Градоначалникот Јакимовски, почесен граѓанин на Тиват



Најфилантропска Општина



Црвена јабука на Културно лето 2013



Осма Карпошова слава



Наградени најдобрите полуматуранти



ПОДДРШКА ВО ИМЕТО НА ЧОВЕЧНОСТА

По повод „Меѓународниот ден на лицата со попреченост“, 3 декември, градоначалникот Стевчо Јакимовски оствари средба со лицата со хендикеп, жители на општина Карпош. Со оваа, трета по ред, хуманитарна мисија која е во организација на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош, локалната власт уште еднаш покажа дека континуирано се грижи за сите свои граѓани еднакво.

Дружбата донесе насмевки и задоволство кај овие жители на Карпош кои поминаа еден час во пријатен разговор со својот општински татко. На традиционалната хумана акција, градоначалникот Јакимовски им соопшти дека секој од присутните 55 лица со посебни потреби наскоро ќе добие парична помош за да им ги поткрепи буџетите за медикаменти и за терапија, а во пресрет на новогодишните и божиќните празници ова негово ветување доби своја реализација.

- Имајќи предвид дека дел од овие лица се со хронични заболувања, овие средства најчесто ги користат за набавка на лекови, како и за медицински третмани. Општина Карпош води постојана грижа за своите граѓани, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби. Ние традиционално се среќаваме со лицата со хендикеп на територија на општина Карпош. Локалната самоуправа секогаш наоѓа начин да им обезбеди помагала за подобро функционирање или, пак, да им додели финансиска помош - рече во својата изјава до медиумите, градоначалникот Јакимовски.

М.Г.





ПРАЗНИЧНА ХУМАНОСТ

По повод претстојните новогодишни и божикни празници, пред дванаесетте поголеми маркети во општина Карпош, локалната самоуправа ги постави своите штандови и по 11. пат ја спроведе традиционалната акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“. Во рамките на оваа акција, првпат учествуваа и средношколците од СОС Детско село кои живеат на територијата на општина Карпош. Од насобраните производи што ги донираа карпошани при своето редовно пазарење во маркетите, ќе бидат формирани хуманитарни пакети и ќе им бидат врачени на социјално загрозените семејства.

Кон оваа солидарна акција се приклучи и првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, кој донираше прехранбени производи кои ќе бидат добредојдени во некои од материјално загрозените семејства за време на новогодишните и божикните празници.

- Апелирам до сите наши сограѓани да донираат барем по еден производ за своите соседи кои се наоѓаат во потешка материјална состојба. Општина Карпош покрај поддршката што ја овозможува преку проектите во образованието и инфраструктурата, има обврска да се грижи за сите наши сограѓани кои живеат на наша територија – изјави Јакимовски. Локалната самоуправа традиционално ја спроведува оваа хуманитарна акција трипати во годината, пред новогодишните и божикните празници, за време на велигденските празници и по повод Денот на Општината (3 ноември).



И.Ѓ.



КЛИМА-УРЕДИ ЗА НАШИТЕ ГРАДИНКИ

Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, и претставничката од фирмата „Нептун“, Станка Трајковиќ, потпишаа Договор за соработка и заемно разбирање. Во рамките на хуманитарниот проект „Обединети за доброто на децата“ што фирмата „Нептун“ го реализира во соработка со „Беко“, Општина Карпош доби производи од бела техника, односно клима-уреди за четири градинки на територија на општината, па децата од предучилишните установи ќе се едуцираат и ќе ги извршуваат своите задачи во подобри услови.

Според претставничката од „Нептун”, Станка Трајковиќ, целта на овој проект е да се опремат институциите со неопходни апарати за да се подобрат условите за настава и да се унапреди воспитно-образовниот процес.

- Јас сум пријатно изненаден зашто вистинска реткост е некој да сака да донира во институциите



на територија на Општина Карпош - рече во оваа пригода градоначалникот на Карпош, Стевчо Јакимовски, заблагодарувајќи се за донацијата и за вниманието.

М.Г.

ФОРУМ НА РАБОТОДАВЦИ

Општина Карпош беше домаќин на Форум на работодавците што го организираа Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување. Целта на форумот беше работодавците од реалниот сектор во Општина Карпош да се запознаат со мерките што ги нуди Агенцијата за вработување, а кои претставуваат стимулација за креирање работни места.



На средбата, раководителката на Секторот за локален економски развој при Општина Карпош, Евантија Стојановска, најпрвин ги презентираше податоците што ја илустрираат бизнис-климата и состојбата со вработеноста во Карпош. Таа посочи дека Карпош, со 16,9 проценти, е меѓу општините со најмала невработеност, дека високи 76 проценти од претпријатијата во Карпош се мали претпријатија со максимум десет вработени, но и дека инфраструктурата, која за инвеститорите е најважна, е нешто на што локалната власт работи во континуитет и со видливи постигнувања.

Претставничката на Агенцијата за вработување, Павлина Костовска-Груевска, пак, ги презентираше мерките што Агенцијата ги нуди за да ги поттикне работодавците да создаваат работни места. Меѓу другите, беа споменати обуките, практикантството, но и субвенционирањето работни места. Костовска-Груевска истакна дека Агенцијата работи според однапред утврден оперативен план, кој ја утврдува динамиката и начинот на реализација на активностите.

Во завршницата на форумот, претставниците на реалниот сектор имаа можност да зборуваат за проблемите со кои се соочуваат во процесот на реализација на својата дејност, особено за сивата економија, за непостоењето превентивни мерки кои ќе обезбедат можност да се задржуваат вработените итн.

И.Ѓ.

ЗЛАТНА ПЛАКЕТА „РАЗЛИЧНИ, А ЕДНАКВИ“

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, е добитник на златна плакета за особено залагање и личен придонес во активно вклучување на инвалидните лица во општеството и континуирана поддршка за „Различни, а еднакви“. Едногодишната манифестација во организација на „Детла ексклузив“, на 16 декември 2013 година, уште еднаш го награди општинскиот татко на Карпош за неговиот беспрегорен труд за унапредување на условите за живот и напредок за лицата со посебни потреби.

На манифестацијата што се одржа во Домот на АРМ, присуствуваа и претставници на Министерството за труд и социјална политика, градоначалници на општини од Републикава, претставници на невладиниот сектор, а под мотото „Градејќи врз минатото, гледајќи во иднината“, лицата со посебни потреби низ различни кореографски, уметнички, артистички и музички перформанси се забавуваа и себеси и публиката. Особено впечатлив беше настапот на младата Христина Николовска, која со својот извонреден глас покажа како се рушат бариерите на физичкиот инвалидитет. Ништо помалку импресивна беше и Роза Мојсовска, која на сцената, додека течеше манифестацијата, го презентираше својот сликарски талент. Внимание побудија и сестрите Анастасија и Симона Поповски од Здружението за аутизам „Мојот свет“, кои за својот прв јавен настап имаа подготвено рецитал. Артистичките способности ги презентираа децата од Центарот за помош на лица со ментален хендикеп „Порака“ од Неготино, а учениците на посебното училиште „Партениј Зографски“ од Скопје ја изведоа кореографијата „Зборувај ми со раце“. Манифестацијата



со свои настапи ја збогатија и естрадните уметници: Ристо Самарџиев, Бади Бекир, Бени Шакири...

Крајот на годинашната приредба „Различни, а еднакви“ беше резервиран за наградите за лицата што дале свој придонес за подобрување на животот и условите за лицата со посебни потреби, а меѓу нив, награден беше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. Во негово име и во име на Општина Карпош, златната плакета ја прими Гордана Зафировска-Стојчевска, раководителка на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општината.

Л.П.К.



ВРЕДНИ И ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Магливиот декември влијаеше на темпото на изведбата на нашите проекти, но никако не ги запре. Оваа 2013 година ја завршуваме со реконструкција на градинката „Пролет“ во Влае, обновување и санација на простории од училиштата од Карпош, но и со подобрување на водоснабдувањето во Козле...



За реконструирањето на водоводната мрежа на улицата 1010 во Козле, Општина Карпош издвои 2,5 милиони денари. Со реконструкцијата ќе бидат опфатени 250 должни метри од водоводната мрежа на оваа улица, каде досегашните цевки со пречник од 40 сантиметри се заменуваат со двојно поголеми.



Пневматските препреки за регулација на паркирањето на паркиралиштето зад Министерство за економија ги постави „БИС Инженеринг“.



Поправката на покривната конструкција од пластифициран лим и санацијата на некои простории во ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“ ги спроведе „Мастеф“.



Почна реконструкцијата на градинката „Пролет“ во Влае, инвестиција вредна повеќе од девет милиони денари, од кои седум милиони денари обезбедува Општина Карпош од сопствениот буџет, а 2,4 милиони денари се донација од Амбасадата на Швајцарија. Освен покривната конструкција, се работи на замена на старите дрвени прозорци со енергетско ефикасна ПВЦ-столарија, поставување на термоизолација, замена на плафоните во занималните и во кујната, како и комплетно бојадисување, а зафатите ги изведува „Дрво пром“.






Фирмата „Боки МГ инженеринг“ ги изведе инсталациите за парно-греење во гардеробата и во спортската сала во ООУ „Јан Амос Коменски“, како и новото осветлување.

LAPLAST-M
Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (02) 3097 007
Факс: +389 (02) 3095 800
www.laplast-m.com.mk

Симона Станковска, најубавата Македонка за 2013 година

УБАВА И СКРОМНА

За само неколку месеци, таа се најде во фокусот на вниманието на јавноста преку низа успеси во светот на убавината и на модата. Сега е дел и од една телевизиска забавна емисија, но кога разговарате со неа неодминливо е да забележите дека таа е скромна девојка со ставови и со сфаќања какви што прилегаат на една убаво воспитана, дисциплинирана млада дама



Осумнаесетгодишната карпошанка Симона Станковска за само неколку месеци се најде во фокусот на вниманието на јавноста, преку низа успеси во светот на убавината и на модата. Откако победи на изборот за убавица „Мис Глоуб“, за кој лиценцата за Македонија ја поседува Модното студио „Црнокрак“, Симона доби и уште две интернационални признанија кои ја сместија, не само меѓу најубавите Македонки, зашто таа и е најубавата Македонка, барем во 2013 година, туку меѓу најубавите девојки во светот.

Иако по нејзиниот избор за македонска убавица доби признание и за трета придружничка на светскиот избор „Мис Глоуб“ што се одржа во Албанија, како и за втора придружничка на светскиот избор „Интернејшнел јахтинг“ во Кина, кога разговарате со Симона, неодминливо е да забележите дека таа е скромна девојка со ставови и со сфаќања што ѝ прилегаат на една убаво воспитана, дисциплинирана млада дама.

Симона сега е дел од една телевизиска емисија со забавен карактер и вели дека ѝ годи да биде пред камера. Дури, за неа, настапите пред камера се поголем предизвик, но ѝ се допаѓа и да биде на модната писта. За искуствата од светот на фотомоделите и манекенките смета дека се драгоцени за неа зашто го градат нејзиниот карактер, но вели дека тивката војна меѓу девојките вклучени во магијата на тој круг е нешто што навистина ѝ пречи и ја разочарува.

- Образованието има предност во мојот живот. Навистина сè што ми се случуваше последниве неколку месеци ми годи, се разбира дека ми се допаѓа да бидам во центарот на вниманието, но студент сум на Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје и со оглед на тоа во какви услови се одвива модниот бизнис во нашава земја, очекувам дека мојата кариера на тоа поле ќе трае кратко – сосема приземно размислува Симона и додава дека никако не би одбила понуда за работа на ова поле доколку дојде од некоја странска модна агенција.

Кога веќе зборуваме за агенциската поддршка, нејзиниот менаџер, Мики Црнокрак од Модното студио „Црнокрак“, вели дека се многу задоволни од тоа како Општината и градоначалникот Стевчо Јакимовски им излегле во пресрет пред патувањето во Кина за изборот „Интернејшнел јахтинг моделс 2013“.

- Со Општината Карпош соработуваме многу одамна, така што сме дел од многу настани што таа

институција ги организира. Овојпат, Општина Карпош и градоначалникот Јакимовски ни помогнаа да обезбедиме билети за авионски лет до Кина, што нам ни беше многу важно зашто јас, како сопственик на студиото „Црнокрак“, имајќи предвид дека Симона е млада, не сакав таа да отпатува таму сама и со еден таков голем настан и огромна конкуренција да се соочи без никаква поддршка. Кина е, сепак, голема земја од Далечниот Исток, припаѓа на една поинаква култура и општинската поддршка ни беше навистина добредојдена – вели Црнокрак.

За искуството да се биде дел од еден од најголемите избори на убавина во светот, и тоа на Далечниот Исток, Симона раскажува под влијание на сè уште свежите впечатоци.

- Организацијата беше на многу високо ниво, престојувавме во едно од најлуксузните места на островот Ханјан, Санија. Конкуренцијата беше навистина голема, учествуваа претставнички на околу 70 земји од светот, но атмосферата беше пријателска и со девојките воопшто не се гледавме една со друга како конкурентки, иако тоа е вообичаено на ваквите натпревари на убавина. Веројатно тоа се должи и на организацијата, зашто секој ден ни беше исполнет со многу обврски, проби, па може да се рече дека бевме премногу уморни за да бидеме суетни – малку на шега, вели Симона. Впечаток, како што самата кажува, ѝ оставиле долгите песочни плажи, храната, културата, но смета дека Кинезите и не се покажале баш како љубезни домаќини, а вели и дека не се особено загрижени за хигиената.

Симона сега е дел од една телевизиска емисија со забавен карактер и вели дека ѝ годи да биде пред камера. Дури, за неа, настапите пред камера се поголем предизвик, но ѝ се допаѓа и да биде на модната писта. За искуствата од светот на фотомоделите и манекенките смета дека се драгоцени за неа зашто го градат нејзиниот карактер, но вели дека тивката војна меѓу девојките вклучени во магијата на тој круг, е нешто што навистина ѝ пречи и ја разочарува.

- Во последно време на изборите за убавина не се бара само девојка со одредени физички предиспозиции, туку комплетна личност, а токму тоа жири-комисијата на последниот избор „Интернејшнел јахтинг моделс 2013“ го препозна во Симона – истакна Мики Црнокрак.

Таков е и нашиот впечаток за Симона Станковска. Оваа млада перспективна карпошанка е комплетна личност со извонредни естетски атрибути, но вртоглавиот подем и многуте награди не повлијаеле на нејзината скромност, која ја прави уште поубава.

Лилјана Петрушевска-Кочовска



ООУ „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ-КАРПОШ“ СЕ ЗБРАТИМИ СО ЧАИРСКОТО „НИКОЛА ВАПЦАРОВ“

Со песна и со игра, основците од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ ги пречекаа своите соученици од нивното партнер-училиште ООУ „Никола Вапцаров“ и ветија едни на други дека другарувањето и учењето ќе ги поврзат во силен јазол, со меѓусебно разбирање и почит. Разликата во јазикот и во обичаите не се пречка за детската комуникација.

Основното училиште „Христијан Тодоровски-Карпош“ на пригоден начин ја пречека делегацијата од основното училиште „Никола Вапцаров“ од Општина Чаир. Средбата беше по повод потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу двете училишта, во рамки на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ што го спроведуваат Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД), Македонскиот центар за граѓанско образование, Министерството за образование и наука и Бирото за развој.

На работната средба меѓу директорката на чаирското училиште „Никола Вапцаров“, Мерита К. Коцацику, и директорката на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“, Христина Борисовска, се разговараше за заемната соработка и за активностите што ќе се спроведуваат во текот на целата учебна година. Претставниците од училишните одбори од двете училишта, пак, ги разменија своите мислења за начинот на кој ќе тече реализација на проектот.



М.Г.



„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ ВО МЕЃУЕТНИЧКА СОРАБОТКА СО „СЕБЕДИН БАЈРАМИ“

Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ од Карпош потпиша Меморандум за соработка со основното училиште „Себедин Бајрами“ од тетовско Камењане, Општина Боговиње, во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“, кој го спроведуваат Американската агенција за меѓународен развој - УСАИД, Македонскиот центар за граѓанско образование, Министерството за образование и наука и Бирото за развој.

Делегација на ООУ „Јан Амос Коменски“, предводена од директорката на училиштето, Емилија Арсовска, беше на работна посета кај своето партнер-училиште од Камењане, каде што тимот координатори на проектот беа пречекани од директорот на ООУ „Себедин Бајрами“, Луѓдин Исмаили, и од своите колеги.

Наставничките тимови одговорни за спроведувањето на „Меѓуетничка интеграција во образованието“ разменија идеи и мислења за начинот на кој ќе тече реализацијата. Активностите на ова поле, основното училиште од Карпош веќе ги има почнато со ред самоиницијативни проекти на учениците и на наставничкиот кадар за јакнење на меѓуетничката толеранција и соработка. На средбата во Камењане, покрај потпишувањето на Меморандумот за соработка, беше договорена и реализацијата на првата активност од проектот, „Да се запознаеме подобро“.

И.Ѓ..

МОДЕРЕН ТАНЦ ЗА МОДЕРНИ КАРПОШАНИ



Со музичко-балетски концерт, во салата на Драмски театар, кон крајот на декември заврши проектот „Школа за модерен танц на Карпош“. Традиционалната манифестација, која се одржа третпат, го докажа талентот на учениците од десетте основни училишта на територија на општината.

Преполната сала беше доказ дека трудот на авторот на концертот, Биљана Стојановска-Трајковска, имаше успешна завршница која ќе остане во сеќавање на децата, но и на присутните. Таа упати благодарност до сите поддржувачи на проектот, но најмногу до Општина Карпош и до градоначалникот Стевчо Јакимовски и истакна дека без соработката и големата поддршка школата немаше да биде толку успешна. На едночасовната манифестација беа изведени модерни и балетски кореографии кои учениците преку целата година ги учат во школата за модерен танц на Карпош. На крајот од концертот, беа доделени дипломи за сите учесници на школата, како поттик да продолжат да бидат активни и понатаму во танцувањето.

М.Г.

ВЕЖБИ ПРАВИМЕ ’РБЕТОТ ДА ГО ИСПРАВИМЕ

Дипломираниот физиотерапевт Оливера Котеска, во соработка со Општина Карпош, од почетокот на оваа учебна година почна со спроведување на пилот-проект за корективна гимнастика која ја применува заедно со учениците од ООУ „Лазо Трповски“.

Целта на оваа активност е корекција на ’рбетниот столб и превенција од искривување на ’рбетот, која се јавува кај 90 проценти од учениците како последица на нивните секојдневни обврски. Преку комбинација на 20-минутни медицински вежби, кои се одржуваат двапати неделно, основците ќе стекнат рутина за практикување здрави животни навики. Децата кај кои е детектирана сколиоза, по неколкумесечните вежби чувствуваат значително подобрување во нивната физичка состојба. Оттука, се предвидува ова позитивно искуство да прерасне во практика, како интегриран дел од физичката култура и образование во сите основни училишта на територија на општина Карпош.

И.Ѓ.



КАДЕ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ?


При изборот на средно училиште за продолжување на образованието, родителите ги земаат предвид афинитетите и желбата на своите деца. Сепак, многу е важно да се познава и актуелната состојба на пазарот на трудот

При носењето на одлуката за изборот на училиштето во кое ќе се продолжи средното образование, пожелно е да се има предвид и актуелната состојба на пазарот на трудот. Секако дека талентот, афинитетот и желбата на ученикот во ниеден момент не треба да се занемарат, но добро е тие барем да се приспособат на состојбата на пазарот на трудот за на крајот желбите да не бидат залудни, а соништата – неостварени.

Актуелната состојба на пазарот на трудот е променлива, но сепак со помош на некои статистички информации, можеме да изградиме една слика која барем приближно би го одразила конкретниот период. Така, бројот на невработени лица е еден од индикаторите за потребите на пазарот на трудот.

Статистичките податоци во Центарот за вработување на Град Скопје, покажуваат дека бројот на невработени со завршено средно образование изнесува 5.330 лица, а од нив 2.755 се жени.

Можеби е од интерес да се види и старосната структура на бројот на невработените лица со завршено средно образование, а важно за носење на одлуката за изборот на видот на образование, односно изборот на образовниот профил, секако е и статистичкиот податок за бројот на невработени лица според видот на завршеното средно образование.



Ако се направи куса анализа на статистичките податоци, односно ако се има предвид прегледот на невработени лица според училишна подготовка, профил на образование, возрасна структура и пол од Центарот за вработување - Скопје, ќе се дојде до заклучок дека од вкупниот број невработени лица, 35 проценти се со завршено гимназиско и економско образование.

Во поглед на возраста, низ конкретни бројки, невработени лица до 19 години се 158, 574 се на возраст до 24 години, 498 се на возраст до 29 години, 426 лица до 34 години, 451 лице до 39 години, 450 лица до 44 години, 482 лица до 49 години, 536 до 54 години, 406 до 59 години и 1049 невработени лица се на возраст над 60 години.

Завршено средно образование	Вкупно невработени	Жени
Гимназиско	1029	580
Економско	861	644

Имајќи го овој податок, ако од вкупниот број на невработени лица се одземе бројката на невработени лица со старост од 60 и над 60 години, доаѓаме до заклучокот дека учеството во вкупниот број на невработени лица меѓу лицата со завршено гимназиско и економско образование достигнува 40 проценти. Продлабочувањето на анализата на податоците за невработените лица со завршено средно образование, неминовно упатува на потребата од согледување на состојбата со бројот на невработени лица со завршено високо образование. Но, тоа би ги надминало рамките на она што е цел на овие страници во „Урбан Карпош“.

Ефтим Пејовски



ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ ЗА ЕКОЛОЗИТЕ ОД „КОМЕНСКИ“

Преку имплементација на програмата за заштитата на животната средина и еколошката едукација како основни вредности во своето работење, ООУ „Јан Амос Коменски“ од општина Карпош стана едно од дваесетте основни училишта во Македонија што ја добија наградата „Зелено знаме“ и стекнаа статус на екоучилиште на интернационално ниво. Статусот „зелено знаме“ се одобрува во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, што се спроведува преку Министерството за образование и наука.

Посебно значење во рамките на програмата му се посветува на прашањето за намалување и рециклирање на отпадот, рационалното користење на енергијата, водата, училишното уредување и најблиската околина.

Во таа насока, учениците, родителите, наставниот кадар, техничкиот персонал, и претставниците



од локалната заедница, како активни учесници во програмата, презедоа практични чекори што ќе придонесат за почиста и поздрава животна средина.

И.Ѓ.

ПИОНЕРИ ВО ЕМОЦИОНАЛНИОТ ПРИСТАП КОН УЧЕНИЦИТЕ

Сите училишта од Карпош и 177 наставници, месецов добија благодарници и сертификати за учество во проектот „Тренинг на наставниците за справување со ученици што покажуваат емоционални проблеми“. Карпош е првата општина што го реализира овој проект, кој Одделението за образование и култура, во соработка со здружението „Аспекти“, го спроведе во десетте основни училишта на својата територија.

Соработката меѓу Институтот за креативен развој, едукација и психотерапија „Аспекти“ и општинските училишта од Карпош, почна во март годинава и успешно заврши минатиот месец. Потребата од имплементирање на конкретните мерки во училиштата, произлезе од промените што се случуваат во нашата заедница, кои директно се одразуваат врз човекот и семејството, а се особено стресни за децата. Тие, своите лични и семејни проблеми, ги проектираат на училиште, па наставниците се тие кои непосредно можат да ги детектираат и стручно да пристапат кон нив.

Во рамките на обуката, наставниците стекнаа нови креативни техники за комуникација со децата кои се соочуваат со емоционални проблеми. Темата на овој проект произлезе од Стратегијата за развој на основното образование во општина Карпош, која локалната самоуправа ја спроведува во периодот од 2011 до 2016 година.

И.Ѓ.



САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

Давор Стојановски, автор на „Ненасловена месечева соната“



СОНАТА НА ДУШАТА

Давор Стојановски, филолог, поет, раскажувач и добитник на неколку награди на полето на книжевноста, неодамна го објави своето романескно првенче... Токму тоа беше повод да се сретнеме и да се запознаеме со овој 26-годишен карпошанин....

- **Да се напише роман, кој е најкомплексна книжевна форма, веројатно е потребно многу време. Колку долго тлееше во Вас „Ненасловена месечева соната“ и колку време Ви беше потребно да ја преточите на хартија?**

- Приказната тлееше во мене веројатно уште во средношколските денови. Меѓутоа, последните осум години работев во формата што постои и денес. Секако, тоа беше пишување со многу прекини. Но, последниве година-две, работев најинтензивно. Тогаш, всушност, настана последната, трета верзија, која е и конечна.

- **Претрпи ли првичната идеја некои измени или до крајот останавте доследен на првиот „клик“, на првата мисла?**

- Постојат многу измени, а единственото нешто што остана од првичната мисла и верзија, беше главната приказна, онаа на Јон и на Сандра. Ми се чини дека прво го знаев крајот, па дури потоа работев на останатите сегменти поврзани со заплетот.

- **Не можеше ли таа идеја да се преточи во друга книжевна форма, со оглед дека пишувате и поезија и раскази, или изборот да се напише роман е логичен след во Вашата лична надградба како автор?**

- Мислам дека романот како жанр беше најпогоден за оваа идеја, пред сè поради обемноста на приказната и големиот број ликови. Секако, дури и идејата зад романот може да се смести во неколку реченици, па и стихови, веројатно. Но, она што мене ме привлекува, тоа е нарацијата и бавното одолговлекување и разоткривање на приказната. Од друга страна, ја проблематизирам и темата на романескноста, односно поигрувам со неколку конвенции на жанрот, притоа користејќи неколку постмодернистички техники, така што „Ненасловена месечева соната“ не можеше да не биде роман.

- **Ако Вам Ви требаа осум години да подготвите еден роман, како ја толкувате хиперпродукцијата на некои наши автори од помладата генерација. На што, според Вас, се должи таа?**

- Веројатно јавноста ги следи авторите што издаваат и претпоставувам дека за нив се мисли „ете, човекот добро работи, пишува...“, но исто така знам дека бројот на напишани или објавени дела не е знак дека тие се искрени и од душа. Од друга стра-

на, мене за мојот прв роман ми беа потребни осум години работа за јас да се почувствувам задоволен од тоа што го презентирам пред јавноста и да бидам сигурен дека тоа што некој издава и по едно дело во годината не ми е конкуренција. Сметам дека сè што е добро на крајот ќе го најде своето место и својот пат до читателите.

Според критиката, Вашиот роман ѝ припаѓа на постмодерната. Се пронаоѓате во тој опис или се обидувате да ги поместите границите на генерацијата?

- Како техника на пишување, бидејќи тоа сум го учел и беше дел од мојот дипломски труд, постмодернистичкиот пристап веројатно беше неминовен, но чувствував и некаква презаситеност од него, особено поради тоа што е актуелен во литературата. Токму затоа се обидов да пишувам во некој нов реализам, пишувањето да има некој тек и фабула, иако, на крајот, овој мој роман неизбежно ѝ припаѓа на постмодерната.

- **Влијанието на други автори односно авторитети е видливо речиси во секое првенче во кој било литературен жанр. Кој беше Вашиот авторитет?**

- Дефинитивно постојат автори на кои сум се угледувал и кои влијаеле на мене, но кога е во прашање мојот прв роман, кој до својата финална форма претрпе три измени, морам да кажам дека првичната верзија беше под силно влијание на Славко Јаневски. Дури, чинам, тоа најде одраз и во изразот, во синтаксата, но тоа не бев „јас“. Со третата верзија на романот, успеав, на некој начин, да се ослободам од тоа влијание, па сега им оставам на читателите да препознаат кој автор е мој авторитет.

- **Пишувајќи ја „Ненасловена месечева соната“, упативте ли некому порака и што порачавте?**

- Книгата како медиум секогаш претставува порака, но не верувам дека со романов порачувам нешто конкретно и однапред замислено, туку само дека пренесувам некои филозофеми, дека проблематизирам неколку теми поврзани со книжевноста, лингвистиката и со уметноста воопшто. Основна замисла зад која се провлекува сета приказна во овој роман е претставата на креирањето, настанувањето и постоењето како онтолошки проблем. Она во што, сепак, би сакал да верувам, е тоа дека сум натерал некого да се замисли над делото што го прочитал, па затоа се надевам дека романот ќе го допре читателот на начин на кој мене ме допрел кога ми се појавил како идеја. Доколку побуди интерес во поглед на фабулата и во поглед на начинот на кој таа се разоткрива, тогаш сметам дека тоа е задоволителен прием.

Лилјана Петрушевска-Кочовска





PelleITALIA

САЛОН ЗА КОЖА - PelleITALIA

ВИСОКОКВАЛИТЕТНА ИТАЛИЈАНСКА КОЖА
МЕБЕЛ, ГАЛАНТЕРИЈА, АВТО НАВЛАКИ...

ул. Орце Николов 188 лок. 2, 1000 Скопје
тел: 02/ 30 60 332
e-mail: contact@ceim-it.com
www.ceim-it.com/pelleitalia.html



НАГРАДЕНИ ЧУВАРИТЕ НА ТРАДИЦИЈАТА ОД МКУД „ЦВЕТАН ДИМОВ”

Детскиот фолклорен ансамбл при Младинското културно-уметничко друштво „Цветан Димов“ од Карпош, заедно со својот изворен оркестар, освои две втори награди на големиот Меѓународен фестивал „Утрина ѕвезда“ во Банско, Република Бугарија, што се одржа во периодот од 27 ноември до 1 декември годинава. Меѓу повеќе од 40 ансамбли од Европа, ансамблот од Карпош со голем успех претстави дел од македонскиот фолклор, задржувајќи го вниманието на публиката и на жири-комисијата, која имаше извонредно високи критериуми. Двете награди за освоено второ место на фолклорниот ансамбл и на изворниот оркестар, се уште една потврда за беспрегорниот труд што членовите на МКУД „Цветан Димов“ го вложуваат во презентацијата на македонскиот фолклор надвор од границите на нашата земја.

М.Г.



Внесете празнична магија во Вашиот нов дом

ПРЕСТИЖЕН ДОМ ВО „ГРАНД ПРЕСТИЖ“

Сакате да домувате според светски стандарди во модерен амбиент и во здрав животен простор? „Импексел 2“ и „Еуро актива“ ДОО ги здружија силите за Вам да Ви обезбедат дом со кој ќе се гордеете, дом на кој секогаш ќе сакате да му се вратите за да уживате во престижниот луксуз и незаменливата пријатна топла атмосфера.

„Гранд престиж“ е токму тоа! Станбениот простор врамен со улицата Прашка и со булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, во срцето на Карпош, Ви ги нуди сите удобности што му се потребни на современото семејство во урбаниот Карпош. Комплексот се состои од две ексклузивни станбени згради со речиси 300 станови, за кои се предвидени соодветен број паркиралишта и тоа во две подземни нивоа. Општина Карпош за станарите на овој прекрасен станбен комплекс има предвидено изградба на две нови пристапни улици. Партерното уредување со повеќе детски игралишта, зеленило и со урбанистичка опрема според светските стандарди, обезбедува квалитетно домување од социјален и од естетски аспект.

„Гранд престиж“ е прогласен за најдобар проект во 2011 година на првата Конференција за недвижности и инвестиции во Македонија.

Па, ако сакате престиж, повелете во „Гранд престиж“!

Доживејте ја новогодишната бајка во најелитниот станбен комплекс.

Милан Ристовски, фудбалски репрезентативец од Карпош

ПЕШ ДО ИТАЛИЈА, САМО ЗА ДА ИГРА ВО „ЈУВЕНТУС“



Милан Ристовски, до неодамна општински стипендист, е прв член на Фудбалската младинска репрезентација до 16 години од Карпош. Ова 15-годишно срамежливо момче, ученик во СУГС „Георги Димитров“, на полето на фудбалот има остварено навистина завидни резултати, но е толку скромно што, ако не побарате, нема да ви ги покаже своите многубројни пехари и медали, иако се гордее со нив.

- Првиот пехар го заслужив со учеството на турнир во Камник, Словенија, кога бев прогласен за најдобар играч – вели Милан, на што неговиот татко Никола додава дека тогаш имал само осум години.

Најдраг, пак, му е пехарот од Училишната лига во фудбал на Општина Карпош од 2011/12 година, а во сезоната 2009/10 беше прогласен за најталентиран играч во таа лига.

- И во училишната лига, исто така, беше прогласен за најдобар играч, а покрај тоа со тимот од ООУ„Војдан Чернодрински“ го освоија и првото место – вели мајка му Тања, покажувајќи ни го медалот од ова натпреварување.

Милан тренира фудбал од својата шеста година. Очигледниот талент, но и беспрегорниот труд што го вложувал се причината за неговите досегашни достигнувања. Покрај многуте други пехари и медали, тој бил прогласен и за најдобар играч на Фудбалскиот куп „Сокол“. Сепак, младиот фудбалер вели дека најголем мотив за него биле успесите на неговиот брат, Стефан Ристовски, кој е, исто така, репрезентативец, но сега меѓу сениорите.

- Од деца сме со топка, постојано игравме, а неговиот напредок е тоа што ме поттикнува и понатаму да играм фудбал и да се надевам дека навистина ќе успеам во тоа што го сакам – вели Милан.

На самиот почеток, како шестгодишно момче, тренирал во ФК „Вардар“, па оттаму преминал во „Работнички“ и по низа „трансфери“, сега повторно е во тој клуб. Игра на позицијата напаѓач и вели дека токму поради тоа, од сите светски фудбалски ѕвезди, свој идол гледа во Роналдо. Ако, пак, го прашате кој му е омилен клуб, без размислување вели: „Јувентус“. Дури, низ смеа, кажува дека и пеш би одел до Италија ако тоа е услов да стане дел од овој тим.

Милан најмногу од сè би сакал професионално да се занимава со фудбал и навистина смета дека може да изгради иднина и завидна кариера на ова поле, но еднакво се грижи и за своето образование.

- Неговата одделенска раководителка беше навистина зачудена од неговите резултати на училиште. Во една пригода, дури и ни рече дека бидејќи е фудбалер, не очекувала од Милан таков успех во извршувањето на училишните обврски – го пофали мама Тања својот син.

Кога станува збор за плановите за иднината, и Никола и Тања се согласни во тоа дека спортските амбиции на нивниот син заслужуваат поддршка. Тие ѝ се благодарни на Општина Карпош за стипендијата што Милан ја заслужил со наградата најдобар фудбалер за 2012 година.

- Ниту една друга институција во земјава не им излегува во пресрет на спортистите како што тоа го прави Општина Карпош. Сега аплицирав за стипендија од Фудбалската федерација на Македонија, но од државните институции фудбалот за помладите генерации не добива никаква мотивација, ниту поддршка – вели Милан.

Л. П. К.



Марта Попоска, победничка на „Карпош има талент 2013"

ВОЛШЕБНИЧКА НА ЧЕТИРИ СТРУНИ

Со фантастична изведба на делото Fiocco Alegro, виолинистката Марта Попоска, придружувана на пијано од својата корепетиторка Ива Виденовиќ, ги освои срцата во публиката и го фасцинираше тричленото стручно жири, кое без двоумење ѝ го додели првото место, избирајќи ја за најталент меѓу натпреварувачите од сите основни училишта од Карпош. Таа го освои првото место на училишниот натпревар „Карпош има талент" што локалната власт го организираше во рамките на еднонеделната роденденска манифестација „Денови на Општината".

Ако имате предвид дека Марта, всушност, има само девет години и е петтоодделенка во Општинското основно училиште „Владо Тасевски", веројатно ќе заклучите дека оваа награда е и повеќе од заслужена. Но, тоа не е единственото признание со кое може да се гордее младата виолинистка од Карпош.

- Марта свири на виолина од својата шеста година и досега е наградувана на многу натпревари, но таа и не сака многу да зборува за тоа, едноставно ужива во виолината и во нејзините звуци – вели мајка ѝ, Драгана Попоска, почнувајќи да ги набројува признанијата на својата ќерка. Во купчето дипломи можеме да ги забележиме признанието за освоено прво место на Државниот натпревар за ученици и студенти од мај 2011 година, кога Марта имала само седум години, сертификатот за освоено второ место на Меѓународниот натпревар за гудачи од април 2013, но и многу други.

Наградите, меѓутоа, за оваа надежна музичарка не се единствениот поттик за секојдневно да се дружи со виолината. Најголемиот мотив за Марта е да го достигне својот идол, нејзината десет години постара сестра Магдалена.

- Јас сум запишана во музичкото училиште „Илија Николовски Луј", но вежбам со сестра ми и тоа секој ден – вели Марта, на што мама Драгана се надоврзува, потспомнувајќи дека сега нејзината ќерка се подготвува за новогодишен концерт со други ученици на Музичко-балетскиот центар. Кога зборуваме за актуелните настани, веројатно Марта ја препознавате и како една од виолинистките што со филхармониските оркестар ги придружува музичките ѕвезди Калиопи и Владо Јаневски при изведбата на прекрасната песна „Во светот на бајките" за рекламната кампања на една голема компанија.

Многубројните ангажмани, кога е во прашање музиката, воопшто не претставуваат обврска за оваа виолинистка. Таа свири со уживање, сосема неизнудено. Нема потреба дури ни да ја замолите да ви отсвири нешто, со задоволство ќе ве почести со топла изведба на некое класично парче од Вивалди или Бетовен, нејзините омилени музички автори. Обожава, како што самата ни кажува, да ја свири „Шехерезада" од Римски-Корсаков или Аколајконцертот А-мол. Ако, пак, ја прашате дали виолината би ја заменила со друг инструмент, таа децидно останува на својот досегашен избор.

- Како помала, мислам дека имав пет или шест години, малку свирев на клавир, ама виолината ми се допаѓа повеќе – вели Марта. Дури и во поглед на иднината, иако сè уште е мала, се гледа себеси неразделна од овој инструмент.

- Кога ќе пораснам, сакам да бидам професор по музика, да ги учам децата да свират на виолина – со ентузијазам вели нашата млада волшебничка на четири струни. Се надеваме дека ќе успее да ги оствари своите соништа... Всушност, не се ни сомневаме во тоа...

Л. П. К.

Тодор Атанасовски, генерал полковник во пензија

ДА НЕ Ѝ ГО ВРТИМЕ ГРБОТ НА ИСТОРИЈАТА

Секоја средба со генералот Атанасовски е навистина средба со историјата. Впрочем, неговата животно-работна биографија, без малку долга еден век, се совпаѓа со најсуштествените настани во поновата историја на Република Македонија



Патот од првоборец на НОАВМ 1941-1945 до командант на Територијалната одбрана на СР Македонија, чиј творец е, и највисокиот чин во некогаш славната ЈНА, генералот Тодор Атанасовски ќе го изоди, оставајќи зад себе дела за почит и восхит. Од посебно значење се неговите аналитички способности и продлабочениот пристап во согледувањето на голем број безбедносно-одбранбени прашања од национален, регионален и глобален карактер. Освен што повеќе години бил на чело на Воздухопловниот сојуз на Македонија, активен е и трикратен претседател на Главниот одбор на СЗБ од НОАВМ. На читателите на „Урбан Карпош“ им го ставаме на увид делот од долгите разговори што деновиве ги водевме на неговото „работно место“, во Сојузот на борците.

● **Генерал Анастасовски, кој е рецептот со кој Вие ги уривате востановените физиолошки и умствени законитости, останувајќи хиперактивен и на прагот од првата стотка од Вашиот живот?**

- Едноставно не знам и немам одговор. Лично познавам и повозрасни од мене и мошне креативни; може да е во прашање генетскиот склоп. А одговорот, ако го има, веројатно го знаат стручњаци во таа сфера.

● **Се наоѓате на чело на боречката организација, која, по најважните битки во историјата на македонскиот народ, е турната на општествените маргини. Кои се и каде се причините за катадневно обезличување на Вашата организација ?**

- Прашањето е мошне сериозно и не верувам дека во вашиот весник би имало доволно простор за целосен одговор. Се разбира, не би сакал личните мислења и видувања да ги затскривам зад боречката организација (Сојузот). Лично мислам дека односот кон тој дел од историјата на овој народ е катастрофален, би рекол и толку лош што повеќе личи на јабанџијски. Не сум сигурен дека во прашање е недоразбирање. НОВ и антифашистичка борба 1941-45 год, не само што е наш најисториски период туку и најпоучен. Емитира поуки и искуства што се директно во функција на надминување на нашиот дел од кризата во која се наоѓаме.

● **Што треба да се стори за традициите од НОВ да се негуваат и трајно да се сочуваат во свеста на сите граѓани на Република Македонија ?**

- Едноставно. Да се напушти ваквиот однос, да се почитува историјата на својот народ и да се почитуваат искуството и поуките. Тоа е неделив наш општествен и сенационален интерес, а ни отвора излез и развој.

● **Како, во најкратки црти, би ја окарактеризирале сегашната положба на Македонија, на внатрешен и меѓународен план ?**

Внатрешната состојба е крајно лоша. Во овој миг, нашата (сенародна и сенационална) борба за Македонија е ситуирана внатре, со сите нејзини белези. Дури и онаа што во минатото се водела „околу македонскиот проект“. Сега се води со наш домицилен човечки материјал и сами си ја финансираме специфичната агресија и субверзијата. Повеќепартизмот и парламентаризмот само покрива - ја закочува битката. Ценам дека Македонија ќе опстои поради јасно видливите и доминантни интереси, но ќе ни треба поинаква стратегија. На историјата не

треба да ѝ се врти грбот, туку таа, нашата македонска историја, треба да се исползува за создавање нова стратегија.

● **Во последните неколку години постојано се намалуваат буџетските средства за потребите на АРМ, а се зголемуваат сретствата за МВР. Кое е Вашето мислење за ова ?**

- Тоа е сложено прашање на кое не може да се даде краток и едноставен одговор. Но, сигурно е, дека за да можат да се согледаат вкупните потреби за одбраната, државата треба да има целосно изграден воен систем, што не е случај со Р. Македонија.

● **Дали добивањето генералски чин во АРМ, денес, е политички обоено ?**

Најпрвин да ви кажам дека јас цели 18 години во армијата поминав со чин на потполковник и дека генералскиот чин го добив, полагајќи испит пред најавторитетната комисија на тогашната ЈНА. Можам дури и да се пофалам дека сум еден од ретките што тој испит го положил со највисока оценка. Сега немам увид како се станува генерал, но извесно е дека добивањето генералски чин, отсекогаш, покрај другото, претставува и е дел од политиката во одбраната на секоја земја.

● **Со оглед дека и перото Ви е генералско, дали водите дневник, дали сте ги бележеле личните чувства, вршејќи ги сите важни воени и општествени функции ?**

- Да, секако. Сум бележел и го бележам она за што сметам дека е важно да се остави трага. Еве, побарав и сега го најдов документот пишуван во војната, а се однесува на задолженијата што требаше во тоа време да ги извршува генералот Апостолски. На младите генерации треба да им се остават пишани траги за да имаат на ум како било, но и за да извлечат поука за полесно справување со објективните проблеми пред кои се наоѓаат.

● **Годините и искуството Ви даваат право и можност да давате совети и во таа смисла што би им порачале на младите луѓе ?**

- Не е фраза ако се каже дека младите се наша иднина. Знаете, тие се денес во многу нешта дезориентирани и на нив се гледа со потценување. Ние нашето сме го направиле така како што сме знаеле и умееле, а понатаму тие треба да го прават тоа што ќе биде добро за нив и за државата. Нам, сега кога царуваат новите технологии, ни е потребен „жив труд“, а тоа се младите генерации. Притоа, тие не треба да го заборават и да го занемаруваат тоа што досега е направено, за нив и за државата.

М. Раденковиќ
Ж. Трајановски

Lukanoski
Стоматолошка ординација
д-р. Ивица Луканоски
Креатори на Вашата насмевка



СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА
БЛИСКУ ДО ВАС
Семејна стоматологија

Рентген кабинет
-снимка на еден заб
-снимање на половина страна
-снимање на цела вилица panoramix
-снимки за синуси
-снимање на вилични зглобови
Стоматолошка протетика
-коронки и мостови
-сите видови на протези
Дигитален панорамикс
Имплантологија
Орална хирургија
-најсовремени импланти
по најпристапни цени

Ординацијата има склучено договор со Фондот за здравство на Република Македонија

Новогодишен попуст 10% на протетика

ул. Никола Русински ЗБ 1000 Скопје;
тел: 02/ 3 079-958; 070/ 542-295;
e-mail: ordlukanoski@gmail.com;
www. lukanoski.mk

Карпош комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared a link.
5 hours ago



ПРАЗНИЧНА ХУМАНОСТ НА КАРПОШАНИ
karpos.gov.mk

Општина Карпош - Municipality of Karpos

Општина Карпош
17 December

ПОДОБРЕНО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО КОЗЛЕ (5 photos)
Општина Карпош почна со реконструкцијата на водоводната мрежа на улицата 1010 во населба Козле. Станува збор за инвестиција вредна повеќе од 2,5 милиони денари, со која ќе се изврши целосна реконструкција на повеќе од 250 метри долж оваа у... See more



Perica Perolik Gromovito!!!!!
Like · Reply · 18 December at 04:09


Гром Нерези Хуманоста на Карпошани на чело со општинскиот татко Стевчо Јакимовски ја продолжија и оваа година не заборавајќи ги нивните сограѓани на некој начин да ги помогнат во празничните денови да имаат и тие поубава трпеза. Голема почит и благодарност до сите тие граѓани што и оваа година дониараа Среќни Новогодишни и Божиќни празници.
Like · Reply · 1 · 5 hours ago

Stole Nikolovski Vo Opstina Karpos veke e tradicija skoro sekoj mesec da ima nekoi donacii, socijalna pomos ,i drugi raboti vo korist na zitelite na opstinata

Vesna Jovanova Karposh e drzava...
Like · Reply · 18 December at 22:53

Твитерџиите со коментари ...

Курвин Водењак @Jovanowsky 3 Dec
Карпош Урбан! @JumalaTuoni @IvoCmon @NoLuckMakedonec @theoutfiter0 @SharenaMarsovka @Gordiev_jazol @OpstinaKarpos pic.twitter.com/74AwrIpcrt
Hide photo · Reply · Retweet · Favorited · More



sead75 @sead75 15 Dec
RT @mnogufina: Си ⚡⚡⚡⚡ме ♥ка! | @jstevco

Bad Luck Macedonian @NoLuckMakedonec 3 Dec
@Jovanowsky Баце, заборавив да прашам. Шо е воа уствари?

Курвин Водењак @Jovanowsky 3 De
@NoLuckMakedonec месечно списание на општина карпош, на крајот секогаш стават твитови. и тебе те има, реклама ти мават :))

Bad Luck Macedonian @NoLuckMakedonec 3 Dec
@Jovanowsky Да ми дадеш копија, да не мора веќе у кафани да плаќам. Да знаат со кој си имаат работа !

Тутан Камон @IvoCmon 3 Dec
@Jovanowsky на љубилеј ме начекале :)

Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk





ТВИТЕР ХУМОР

@ivogievski2
Бонуси за вработените што одат со велосипед на работа!
#Загадување

@bate_vane Оди си 2013 те молам не те можам више...

@nedelkovskiv
Многу сум возбуден, од полиција се јавија сакале да ме интервјуираат.
А ни CV не сум пратил .

@prashkoo
Ало Баба Рада, многу твитав за вас и ме отследија многу твитерџии...
-Чај од шипка

@hasawatermark
- Телефонов не ти е смарт а?
- Не ми го викај телефонот глуп!!

@the_story_goes
-Знам како ти е.
- Стварно? И ти си ја имаш лупнато главата од фиоката под огледалото кога си ја зимал кутијата под нив??

@sinisa_goliotok
Не е фер, јас сум магистер треба да имам повеќе шанси за работа во сендвичара од некој со додипломски!

@minomkd
Одиш на стенд-ап комеди и ги слушаш сите твитови.

@palas20
За 20 години. -А бре, Македонче,
Каде се спремаш?
-Македонија ќе одам заби да правам.

@stefan_duvnjak
Ако ништо друго со маглава нема да гледаме вештачки насмевки на некои лица....

@fstojanovski1
На вистински Македонец елката му е накитена од лани. Кој ќе ти се замара секоја година?

@federikabosco
Нова година и празниците,ги разбирам како поле за кулинарски натпревар меѓу домаќинките.


@nedelkovskiv
Единствено што мажите чистат по дома е хистори од пребарувач.



Изработила: Ива Манова

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta



Udigit computer engineering
Тел: +389 2 3093393
www.digit.net.mk

Овозможува пријатни мигови на уживање
во исклучително добра храна, одбрани вина,
врвна услуга, тивка музика, ексклузивен ентериер

РЕСТОРАН
Ден и Ноќ

Адреса: ул. Скупи бр.1
email: deninok@replek.com.mk
Тел: 02/ 3096 096
Факс: 02/ 3095 666

ПРОДАЖБА НА ГОЛЕМО И МАЛО

РИТАМ ТРЕЈД
Д.О.О УВОЗ - ИЗВОЗ
центар за сува градба

ЛАМИНАТИ
ТРОСЛОЕН ПАРКЕТ
ПВЦ ЛАЈСНИ
ГИПС КАРТОН
ПРОФИЛИ И ПРИБОР ЗА СУВА ГРАДБА
ЛЕКСАН - ПОЛИКАРБОНАТНИ ПЛОЧИ
СПУШТЕНИ ПЛАФОНИ
ФАСАДНИ СИСТЕМИ

ТЕЛ: 02/ 2040 - 572; 075/ 423 - 034
Адреса: ул. Женевска бр.3
www. ritamtrejd.com.mk

ФУРНА
РЕСТОРАН - ПИЦЕРИЈА
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов б.б.
тел: 02/3 080-025; 078/ 255-849

УМЕТНИЧКИ РАКОТВОРБИ
ma МОНО АРТ
ДЕКОРАТИВНИ УКРАСИ
ТЦ Техника Ул. Никола Русински
бр. 15 лок. 132 спроти Сити Мол
тел. 077/892-059
marketkonekt.com
jov.box@gmail.com

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
MTD
Тел. 02/ 3063 286 - Тафталиџе
www.feroelektro.mk
- ЕЛЕКТРИЧНИ И БЕНЗИНСКИ КОСИЛКИ
- ПРСКАЛКИ ЗА ТРЕВА
- ТРАКТОР КОСИЛКИ
- БАЗЕНИ INTEX

PHOTO VIDEO
&
LIMOUSINE SERVICE
"JASMINA"
tel.rab.02/3062-018
tel. 078\305-186
tel. 072\643 -881
WWW.FOTOJASMINA.COM.MK
FOTOJASMINA@YAHOO.COM

TIVES®
italian style
T.C. Leptokarija
ul. Nikola Rusinski 3b lok 15
Tel. +389 (2) 61 31 250
www.tives.com.mk

КАКО ДА МУ ОБЈАСНИТЕ НА ДЕТЕТО КОЈ Е ДЕДО МРАЗ



Полека почнува новогодишната еуфорија. Поголемиот број домови веќе се накитени, особено тие во кои живеат мали деца. Елка во дневната соба, натрупана со лампиони, ѕвездички, украсни ленти и разнобојни светилки што свират... Веќе се спомнува името Дедо Мраз, се раскажува приказната за него, а малите дечиња, тие што знаат кој е тој, размислуваат кои желби и пораки да ги напишат и да ги испратат до него.

Во овој период од годината, родителите имаат задача на своите малечки да им објаснат кој е Дедо Мраз. Раскажете ја приказната за Дедо Мраз најдобро што можете и дозволете да се развијат и да се разбудат детските мечти за него. Убаво е чувството кога детската реалност за момент се претвора во божиќна бајка, која ќе им донесе на децата радост и подароци под новогодишната елка.

Еве како да ја раскажете приказната за Дедо Мраз:

Најпрво опишете го чичкото со бела брада, голем стомак и со црвени образи, како весел човек, секогаш насмеан, кој носи црвено палто и панталони со бели краеви, црн колан и чизми.

Тој чичко се вика Дедо Мраз и ги сака децата најмногу на светот. Секоја година носи подароци во домовите на добрите деца, за време на бадниковата ноќ.

Приказната почнува вака: Според традицијата која датира од 1820 година, Дедо Мраз живее на Северен Пол, со голем број волшебни џуџиња и осум или девет ирваси кои летаат. Од 20 век, Дедо Мраз почнува да прави список на деца од целиот свет, кој го дели на две групи. Во едната се послушните деца, на кои им носи играчки и слатки, а во другата - оние непослушните, на кои им носи јаглен на бадниковата ноќ. Сето ова тој го постигнува со помош од неговите џуџиња, кои во својата работилница ги изработуваат играчките и со помош на неговите ирваси, кои ја влечат неговата санка.

Откако ќе му раскажете на детето кој е Дедо Мраз, појдете во некој трговски центар и запознајте го детето со него. Најголема е веројатноста детето да се уплаши од чичкото со бела брада, но немојте да го терате да му приоѓа или да се фотографира. Стручњаците препорачуваат да му помогнете на своето дете да се почувствува пријатно во близина на Дедо Мраз, а ова ќе го постигнете ако заедно со детето од мала далечина ги набљудувате другите деца, братчето, сестричката или другарчињата како му приоѓаат и се сликаат со Дедо Мраз.

Анета Манчевска



ХЕТ-ТРИК НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ОД „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“

Во френетична атмосфера, пред преполни трибини во салата на СЦ „Борис Трајковски“, кошаркарите на СУГС „Георги Димитров“ триумфираа над



ривалите од СУГС „Орце Николов“ со резултат 78:73, со што третпат ја освоија Средношколската кошаркарска лига, во организација на Општина Карпош.

Двете екипи го одиграа најквалитетниот натпревар во рамките на годинашната кошаркарска лига. Дека силите на теренот беа рамноправни, говореше изедначениот резултат на полувремето (33:33), а до самиот крај се задржа истата динамика и резултатска тензичност. Во натпреварот за третото место, борбата под обрачот директно одлучи кој ќе биде победникот. Имено, офанзивните и дефанзивните скокови беа најсилното оружје на кошаркарите од СУГС „Никола Карев“ кои славеа над своите соперници од Интернационалното средно училиште „Нова“ со резултат 62:46. На четвртата по ред, традиционална спортска манифестација, присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој им ги врачи вредносните ваучери на трите најдобро пласирани екипи во средношколската кошаркарска лига. Локалната самоуправа за првопласираната екипа обезбеди парична награда од 150.000 денари, за второпласираната 100.000 денари, а екипата што го зазеде третото место доби 50.000 денари. Општина Карпош на сите учесници во лигата им подари спортска опрема (кошаркарски патики и дресови). Видно возбуден, тренерот на трикратниот кошаркарски шампион, Ивица Јаковлевски, изјави дека ваквите турнири се неопходни, не само во општина Карпош, туку насекаде низ Македонија.

- Апелирам другите градоначалници да го следат примерот на првиот човек на Карпош, Стевчо Јакимовски. Имајќи предвид дека локалната самоуправа обезбедува паричен фонд од 300.000 денари, се надевам дека оваа кошаркарска лига ќе земе замав и дека следната година ќе се пријават екипи и од други општини – додаде Јаковлевски.



И.Ѓ.

НОВИ УСПЕСИ ЗА КАРАТИСТИТЕ ОД „МАКПЕТРОЛ“

Карате-клубот „Макпетрол“, кој ужива поддршка од Општина Карпош, на Државното првенство во карате, што се одржа во средината на декември, оствари завидни успеси освојувајќи дури 16 медали.

- На Државното првенство во карате, во екипна и во поединечна конкуренција, во кати и борби, учествуваа 46 клуба или повеќе од 270 натпреварувачи. Нашиот клуб успеа да освои 16 медали, од кои, шест златни и по пет сребрени и бронзени, така што беше прворангиран карате-клуб – ни рече тренерот на КК „Макпетрол“, Бошко Заборски.

Сребрени медали освоија Симона Заборска, Симон Антиќ, Сандра Јанева, Спасе Блажевски и екипите кадети и јуниори. Со бронзи се закитија Емануел Ристевски, Моника Пендаровска, Орхан Билали, Игор Таневски и Александра Мицова.

Најголемите признанија, златните медали, пак, ги однесоа Петар Заборски, Селена Таушанова, Сара Радичевска, Мики Стојмановиќ, Никола Димитриевиќ меѓу јуниорите до 56 килограми и екипите кадетки и јуниорки.

Заборски додава дека во претстојниот период ќе се подготвуваат за уште неколку турнири од кои високите пласмани ќе обезбедат во што поголем број да се вклучат во репрезентацијата на Македонија, која треба да настапи на Европското првенство во февруари во Португалија.

Најголемиот дел од членовите на карате-клубот „Макпетрол“ се жители на Општина Карпош и уживаат општинска поддршка во вид на стипендии за најдобри спортисти.

М.Г.



ЏИУЏИТСА-МАЈСТОРИТЕ ОД КАРПОШ СО 15 МЕДАЛИ

Во спортската сала на основното училиште „Братство“ во Карпош, во организација на Македонската федерација за бразилска џиу-џитса и клубот „Д Стронгест“, а под покровителство на Општина Карпош, месецов се одржа Државното првенство во бразилска џиу-џитса.

Првенството го отворија претседателот на Македонската федерација за бразилска џиу-џитса, Ивица Алексовски, претставникот на Одделението за спорт при Општина Карпош, Патрик Поповски, и првиот Македонец со црн појас во бразилска џиу-џитса, Роберт Наумовски. Со најмногу признанија на првенството, за апсолутен победник беше прогласен Стефан Пецевски, кој се натпреваруваше во двете категории (со кимоно и без кимоно) и освои четири медали. Натпреварувачите, пак, од карпошовиот клуб „Д Стронгест“ освојија вкупно 15 медали, од кои, осум бронзени, пет сребрени и две златни, кои со своите извонредни борби ги понесоа Борис Гичев и Иван Андреевски.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, доби специјална благодарница за укажаната поддршка и за придонесот во развојот на бразилската џиу-џитса во Македонија.

Л.П.К.

Misaki





Jewels
ул. Максим Горки бр 21 и
Ramstore Mall
тел: 3246 - 698

Егзотични јапонски бисери дизајнирани во елегантни парчиња накит од дизајнерите во МОНАКО и Монте Карло
Одличен избор со празнично намалени цени.
Накитот од Misaki нека биде круна за Ваш совршен изглед.

ХОРОСКОП

Јануари '14



Јоана Станиќ

ОВЕН: Останете со двете нозе цврсто на земја. Ќе бидете соочени со предизвици од повеќе аспекти. Бидете внимателни со финансиите. Во љубовта нема поголеми изненадувања.

БИК: На прво место ви се релациите, особено ако премалку внимание сте посветувале на другите. Финансиите се во ред, но внимавајте на здравјето за што можно е активирање на хронични тегоби.

БЛИЗНАЦИ: Можни се конфликти со околината, но ќе треба да истраете во своите цели. Крупните одлуки оставете ги за следниот месец. Одморајте, забавувајте се, посветете му се на партнерот и водете сметка за вашата физичка кондиција.

РАК: Проблемите сами по себе ќе се решаваат. Одличен период е за планирање и ако вложите повеќе енергија, очекувајте двојно резултати. Партнерските односи се малку тензични, но поддршката нема да изостане.

ЛАВ: Релациите и пријателствата се тема на месецот. Одлична можност да ги разјасните сите нејаснотии и да запознаете нови луѓе. Водете сметка за здравјето, посетете стоматолог. Не трошете премногу.

ДЕВИЦА: Подготвени сте за сите предизвици, но вашето трпение има граници. За поголем успех потребна ви е реорганизација. Финансиската состојба ќе ви биде променлива, а можни се и поголеми вложувања.

ВАГА: Марс ви дава изобилство енергија, но и конфликти со околината. Потрудете се да балансирате. Важните одлуки оставете ги за понатаму и не верувајте секому. Внимавајте на исхраната и внимавајте со парите.

СКОРПИЈА: Ќе морате да донесете неколку важни одлуки, но имате доволно енергија да почнете нови работи. Очекувајте поддршка од пријателите. Ако имате тајна врска, сега не е време за разјаснување. Внимавајте на здравјето.

СТРЕЛЕЦ: Месец без премногу возбудувања. Можни се мали пречки во остварувањето на целите. На повидок е нова љубовна врска за слободните, а за тие што се во врска - можност за нешто посериозно. Спортувајте.


ЈАРЕЦ: Некои одлуки што долго ги одложувате сега ќе дојдат на дневен ред. Не избрзувајте со заклучоците. Внимавајте во односите со партнерот, бидете пофлексибилни. Забавувајте се повеќе и релаксирајте се.

ВОДОЛИЈА: Полека ќе почнете да се приближувате кон целите што сте си ги поставиле. Комуникацијата со најблиските ќе биде малку тензична, па не избрзувајте. Во љубовта можна е средба со странец.

РИБИ: Имате енергија, но не знаете како да ја искористите. Посветете повеќе време на блиските луѓе и внимавајте при склопувањето нови познанства. Посветете повеќе внимание на здравјето.

Хомеопатија

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ХОМЕОПАТИЈАТА



Испитување на лекот

Секој лек што се користи во хомеопатското лекување поминува низ процес на испитување. Подготвениот лек се дава на група испитаници (едните добиваат лек, другите плацебо) сè додека не се појават првите симптоми. Се прави прецизна белешка за сите симптоми на физичко, емотивно ниво и на ментален план. Собраните симптоми претставуваат слика на лекот.

Потенцирање на лекот

Хомеопатскиот лек дејствува на виталната сила и на причината за болеста, а не на симптомот како последица. За да можеме секој симбол да го согледаме во целост, мораме да го набљудуваме низ виталната сила која е динамична, така што и лекот што го даваме мора да биде динамичен, а тоа се постигнува со потенцирање на лекот. Потенцирањето на лекот е постапка што се состои од разблажување и силно протресување на шишенцето во кое се наоѓа лекот, така што во хомеопатскиот лек не се наоѓа ниедна молекула од супстанцата од која е направен.

Принцип на препишување на хомеопатски лек

Хомеопатијата е холистички метод на набљудување на симптомите како израз на нарушување на виталната сила и врз основа на тоталитетот на симптомите, се препишува еден лек кој го покрива тоа основно нарушување на виталната сила. Лекот во себе содржи „порака“ за виталната сила и ѝ помага таа сама да го врати нарушениот баланс.

Насоки за лекување (Херингов закон)

Овој принцип го поставил Константин Херинг, Ханеманов следбеник. По овој закон се следи текот на хомеопатското лекување, т.е. поместувањето на симптомите.

Ако симптомите се движат, на пример, од внатрешните органи кон кожата, односно однатре кон надвор, тоа значи дека препишаниот лек е добар и дека лекувањето се одвива во добра насока. Ако движењето е од важните органи кон помалку важните, на пример, ако симптомите се повлекуваат од срцето и одат кон зглобовите, лекувањето се одвива добро. Ако симптомите се движат од горе надолу, па, на пример, пациентот имал кожни проблеми на лицето, а по употреба на лекот симптомите се спуштаат на кожата околу половината, тоа значи дека пациентот закрепнува. Ако први се повлекуваат симптомите што се настанати неодамна, а најдолго се присутни најстарите симптоми, тоа значи дека се повлекуваат по обратен редослед од редоследот на настанување.

ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49




Првомајска бр. 4 тел. 02 2774 144
Момин Поток бб тел. 02 3095 777
Населба Нерези тел. 02 3080 009
Битола тел. 047 203 974

www.MOTOCENTAR.com.mk


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
јануари 2013 • бр. 24 • година 5
НАЈВИСОКА ОЦЕНКА ЗА КАРПОШ


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
февруари 2013 • бр. 25 • година 5
КАРПОВ ВО КАРПОШ
ГРАѓАНИТЕ ГО ИЗБИРААТ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ



КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
мај 2013 • бр. 28 • година 5
НОВАТА ОПШТИНСКА БАРАКА



Општина Карпош
Ви посакува
Среќни новогодишни
и божиќни празници


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
март-април 2013 • бр. 26-27 • година 5
ЈАКИМОВСКИ ПОВТОРНО ТАТКО НА ОПШТИНАТА



КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
септември 2013 • бр. 32 • година 5
CONFERENCE
The Road To EU Integration - Removing Barriers, Unlocking Our Potential
ЧЕКОР ПОБЛИСКУ ДО ЕУ


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
ноември 2013 • бр. 34 • година 5
НАШИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК ПОЧЕСЕН ГРАѓАНИН НА ТИВАТ
City Kids Club
Скопје City Mall


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
октомври 2013 • бр. 33 • година 5
37 ГОДИНИ ОПШТИНА КАРПОШ


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
август 2013 • бр. 31 • година 5
ПОДГОТВЕНИ ЗА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
јули 2013 • бр. 30 • година 5
КАРПОШ - ЛИДЕР ВО ФИЛАНТРОПИЈА


КАРПОШ
УРБАН
Весник на локалната самоуправа
јуни 2013 • бр. 29 • година 5
ЛЕТО ВО КАРПОШ